Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

## Извадок на дел од дневни настани 21.12.2024

На 20.12.2024 во 13.10 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.О.(36) од с.Студеничани, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.12.2024 во 18.40 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишила од слобода А.А.(22) од Куманово и В.Ц.(28) од с.Черкези, кумановско, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.12.2024  полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.К. од Куманово. При преглед кај него, биле пронајдени и одземени околу 2600 парчиња пиротехнички средства. Д.К. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 20.12.2024 во 21.50 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на бул.„Партизански одреди“ во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „рено клио“ со скопски регистарски ознаки, управувано од Х.Н. (20)  од Скопје, и патничко возило „алфа ромео“ со скопски регистарски ознаки, управувано од К.С.(32), двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Х.Н., констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза“. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (21.12.2024) околу 02.40 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на крстосницата од бул.„Крсте Мисирков“ и бул.„Гоце Делчев“, патничко возило „хонда“ со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Е.(41) од Скопје, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот В.М.(31) од Р.Србија, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза“, додека возачот се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски“. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 20.12.2024 околу 15.50 часот во Полициската станица Прилеп, било пријавено дека на патот Градско-Прилеп, товарно возило „рено кангу“ со битолски регистарски ознаки, управувано од Ј.М.(39) од Битола, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот П.Ј.(30) од Битола, додека возачот се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Прилеп.

На 20.12.2024 во 19.15 часот во Полициската станица Пробиштип, било пријавено дека на ул.„Јаким Стојковски“ во Пробиштип, патничко возило „опел“ со штипски регистарски ознаки, управувано од З.М.(48) од с.Стрмош, пробиштипско, удрило во пешаците Р.В.(62) и Л.А.(65), двете од Пробиштип. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле пешаците, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Пробиштип.

На 20.12.2024 во 14.02 часот во Полициската станица Кочани, било пријавено дека на ул. „29-ти Ноември“ кај населбата Оризари, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо“ со винички регистарски ознаки, управувано од Е.М.(25) од Виница, и товарно возило „мерцедес“ со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.Ј.(33) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Е.М.. констатирани во здравствена установа. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Кочани.

На 20.12.2024 во 13.40 часот во Полициската станица Кавадарци, било пријавено дека на крстосницата од ул.„Моша Пијаде“ и ул.„Гоце Делчев“ во Кавадарци, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди“ со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од З.А.(54), и патничко возило „ауди“ со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од А.И.(44), двајцата од Кавадарци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила А.И., додека со телесни повреди се здобиле З.А. и неговиот сопатник Т.Г.(36) од Кавадарци, констатирани во Општата болница Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Кавадарци.

На  20.12.2024 во 20.30 часот полициски службеници од СВР Битола на ул.„Коста Абрашевиќ" во Битола го лишиле од слобода Л.Г.(18) од Битола, бидејќи при преглед кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.12.2024 во 19.55 часот полициски службеници од СВР Битола во с.Долно Оризари, битолско, го лишиле од слобода Д.Б. (44) од с.Долно Оризари бидејќи при преглед кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 20.12.2024 во 16.25 часот полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Велес, го лишиле од слобода А.К.(37) од Велес. При извршениот претрес во неговиот дом, со издадена наредба од Основен суд Велес, биле пронајдени и одземени 2737 разни видови на пиротехнички средства. По комплетирање на целокупната документација, во координација со јавен обвинител против А.К. ќе биде поднесена кривична пријава за кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материи“ казниво по чл. 396 од КЗ.

На 20.12.2024 во 10.55 часот на градскиот плоштад во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода Н.Б.(48) од Кавадарци, затоа што при извршениот преглед кај него и во неговото патничко возило биле пронајдени и одземени разни видови на пиротехнички средства. Потоа, по издадена судска наредба, бил извршен и претрес во неговиот дом, како и во објект на градскиот плоштад кој го користел,  каде исто така биле пронајдени и одземени разни видови на пиротехнички средства. Вкупно биле одземени околу 9100 разни видови на пиротехнички средства.  По комплетирање на целокупната документација, во координација со јавен обвинител, против Н.Б. ќе биде поднесена кривична пријава за кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материи“ казниво по чл. 396 од КЗ.

На 20.12.2024 во 13.30 часот во СВР Скопје, З.М.(57) пријавил дека околу 13.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, бил физички нападнат од А.З.(26),  двајцата од Скопје, а исто така и со остар предмет му упатувал закани. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (21.12.2024) во 01.20 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба полициски службеници од СВР Скопје го привеле Ј.Ј.(29) од Скопје, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеник кој вршел службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.12.2024 во 11.20 часот во СВР Скопје, С.Б.(53) од Скопје пријавил дека на подрачјето на општина Аеродром, бил физички нападнат од едно лице, кое му одзело пари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.12.2024 околу 14.00 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во фирма на подрачјето на Ѓорче Петров, починал С.С.(61) од Скопје. Од страна на лекар констатирана била смрт. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на јавен обвинител, телото на починатиот било предадено во Судска медицина за обдукција.

Денеска (21.12.2024) во 03.40 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во с.Нова Брезница, скопско настанал пожар во плевна сопственост на С.М.(82) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна единица пожарот бил изгаснат, а сопственикот при гасење на пожарот се здобил со повреда во пределот на раката, по што бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски“, за укажување на лекарска помош.

На 20.12.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје, 81-годишна жена од Скопје пријавила дека била измамена за сума од 1.709.090 денари. Според пријавеното, на 18.12.2024 околу 08.45 часот, едно лице ја контактирало телефонски и ѝ кажало дека нејзината ќерка наводно предизвикала сообраќајна несреќа со смртни последици и за да не одговара пред законот требало да плати одреден износ на пари. Откако ги дала парите, жената сфатила дека е измамена. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Х.(25) од Република Хрватска поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“. На 15.12.2024 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „сеат леон“, управувано од пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана, а при легитимирање било констатирано дека тој во државата престојувал без пријавен престој. Од судија на претходна постапка при Основен суд Тетово, на пријавениот му е одредена мерка притвор во траење од осум дена.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Р.Џ.(43) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“. На 15.12.2024 на наплатна станица Гевгелија, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „форд“, управувано од пријавениот, при што биле пронајдени бела прашкаста материја и кафеава прашкаста материја.

ОВР Кратово поднесе кривична пријава против В.П. (18) од Кратово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење на работи на безбедноста“. На 30.11.2024 на ул.„Св.Ѓорѓи Кратовски“ во Кратово, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

На 20.12.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, 29-годишна жена од Скопје пријавила дека на 19.12.2024 околу 12.30 часот во близина на основно училиште на подрачјето на Бит Пазар, малолетничка која и била доделена на згрижување, била допирана по телото од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.12.2024 во 15.00 часот во Полициската станица Карпош од Јавна установа за згрижување деца било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник Р.М.(17) кој и претходно се оддалечувал и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 20.12.2024 во 16.10 часот во СВР Струмица-ОВР Радовиш бил лишен од слобода Б.И.(39) од село Дедино, поради постоење на основано сомневање дека сторил кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста“ по член 383 од Кривичниот законик. На 20.12.2024 во 15.30 часот во Полициската станица Радовиш од страна на О.Г.(43), началник на ОВР Радовиш било пријавено дека околу 14.00 часот во службени простории на ОВР Радовиш Б.И.(39) инспектор во ОВР Радовиш агресивно се однесувал кон пријавителот, кој извршувал службени задачи, а во еден момент и физички го нападнал, нанесувајќи му телесни повреди. За настанот биле запознаени началник на СВР Струмица, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и јавен обвинител, по чии насоки биле преземени мерки за расчистување на случајот. По целосно документирање на случајот против Б.Ј. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.12.2024 во 20.45 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Џ.Ф.(55) од Штип, поради тоа што околу 16.00 часот во домот физички го нападнал неговиот 50- годишен брат, а употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.12.2024 во 09.00 часот во СВР Штип, било пријавено дека во с.Пиперово, штипско, настанал пожар во куќа сопственост на Д.И.(70) и А.К.(55), двајцата од Штип. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Штип пожарот е изгаснат. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 20.12.2024 во 22.00 часот во Полициското одделение Македонска Каменица, било пријавено дека М.М.(33) од Македонска Каменица, при извршување на работни задачи во рудник, се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Кочани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.12.2024 во 19.42 часот во Полициската станица Пробиштип, Б.Ј.(52) од с.Злетово, пробиштипско, пријавил дека од домот се оддалечил неговиот татко Д.Ј.(78). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 20.12.2024 во ПС Кочани било пријавено дека В.З.(24) од Кочани физички нападнал едно лице во угостителски објект во Кочани, по што го напуштил објектот и потоа со неговото возило удрил во друго возило. Потоа, В.З. дошол во полициската станица во Кочани, каде физички нападнал полициски службеници, по што е лишен од слобода. По насока на јавен обвинител, В.З. бил спроведен во КПУ Затвор Струмица, бидејќи издржува казна затвор за веќе сторено кривично „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста“, а бил пуштен на викенд отсуство и требало да се врати во затворот на 21.12.2024.

Денеска (21.12.2024) околу 12.20 часот полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка-Отсек потраги во содејство со полициски службеници од СВР Куманово на бул. „Трета Македонска ударна бригада“ во Куманово ги лишија од слобода Е.П. (31) од Скопје и Д.С. (41) од Кочани, кои биле барани поради бегство од затвор. Е.П. бил баран по потерница од КПУ Затвор Штип, а бил осуден на затворска казна од девет години за кривично дело по чл.418 од КЗ (криумчарење мигранти) и за доиздржување има шест години, три месеци и 12 денови. Д.С. бил баран по потерница од КПУ Затвор Струмица, а бил осуден на затворска казна од седум години за кривично дело по чл.236 ст.1 од КЗ (тешка кражба) и за доиздржување има една година. Лицата ќе бидат предадени на надлежните казнено поправни установи.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет